# А П И С Н И К

## од 25-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 30.08. 2023 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 15.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 13 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутни беа советниците Окан Абдулов и Аспарух Москов

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 25-тата редовна седница За работа на 25-тата редовна седница,покрај другите точки Претседателот на Советот, предложи дополнување со уште четири точки и тоа:

10.Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмски активности на ФК ,,Победа,, Валандово

11.Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК,,Ударник,,Пирава за котизација за учество во натпреварувачката сезона

12. .Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за реализирани програмски активности на на ЖФК,,Победа 16 ,, Валандово

13.Предлог-Одлука за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на општина Валандово

По дополнувањето беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истото беше ставено на гласање и изгласано едногласно со 13 гласа ЗА.

По дополнувањето ова беше предложен следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;

2. Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Урбана един 7, за Блок 7.2 населба“Странец”во град Валандово помеѓу улиците сервисна 30, сервисна 8, сервисна 33 и сервисна 32;

3. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година;

4. Годишен план за вработување на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2024 година;

5. Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 и 2024 година;

6. Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 и 2024 година;

7. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска помош на Луна Поп Костова од Гевгелија за покривање на трошоци за лекување во странство;

8. Предлог – Одлука за финансиска поддршка за реализација на спортско културна манифестација „Јосифовско лето” 2023 година;

9. Предлог-Одлука за финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет 3х3 во Валандово; Претседател на Совет на Општина Валандово

10.Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмски активности на ФК ,,Победа,, Валандово

11.Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК,,Ударник,,Пирава за котизација за учество во натпреварувачката сезона

12.Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за реализирани програмски активности на на ЖФК,,Победа 16 ,, Валандово

13.Предлог-Одлука за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на општина Валандово

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно со 13 гласа ЗА беше усвоен.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година; образложение имаше на раководителот за финансии Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави градоначалникот Перо Костадинов.Рече дека буџетот генерално ќе биде проширен со голем капитален проект, реновирање на Кино сала со средства од Министрество за култура и средства на Општина Валандово и ги повика сите советници да ги изгласат овие измени во Предлог-одлуката.

Немаше други пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА , едногласно.

ТОЧКА 2

По Предлог Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Урбана един 7, за Блок 7.2 населба“Странец”во град Валандово помеѓу улиците сервисна 30, сервисна 8, сервисна 33 и сервисна 32 образложение имаше вработениот раководител во одделението за урбанизам во Општина Валандово Ѓоко Аврамски. Тој ги појасни сите чекори кои треба да следат се до донесувањето на УП .

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА , едногласно.

ТОЧКА 3

По Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година образложение имаше вработената сметководителка во фирмата Валентина Јанева.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Анита Коцева.Постави две прашања за директорот на ЈП, но со оглед дека тој не беше присутен на седницата, рече дека сепак се надева на одговор :

1.Дали во последните две години ЈП Комунален сервис е тужено  и дали сметката е блокирана во текот на оваа година?

2. Дали е вистина дека се има  набавено огревно дрво за вработените, на вработените истото е наплатено, а средствата не се исплатени на ЈП Македонски шуми? Дали  ЈП Македонски шуми го има тужено ЈП Комунален сервис, дали долгот е исплатен и дали сметката е одблокирана?

Градоначалникот се јави за реплика  во отсуство на директорот кој е оправдано отсутен рече дека ќе се обиде да даде одговор.Рече дека сите се запознаени со тоа дека ЈП Комунален сервис има финансиски проблеми, блокади и притисоци, побарувања од страна  и токму поради тоа Советот издвојуваше средства во минатиот периодза состојбата да биде нормализирана. Се наврати на одржување на прес конференција на опозицијата на која намерно не беше спомната енергетската криза и покачувањето на минималната плата, а и превземањето на ингеренциите во населените места што придонесе до здоведувањето на ЈП во вакаа состојба.Повтори дека цените на услугите во сите други општини во државата се зголемени за 100, 200 дури и 300%,а дека ЈП има проблеми со ликвидноста не се крие. Со планот за стабилизирање на ЈП наскоро ќе биде стабилно.

Јулија Тушевска се јави за збор. Искажа жалење што директорот не е присутен на седницата, за да каже како пред 5 години кога се смени власта и директорот, се разгледуваше позитивен извештај. Доколку тој не бил во можност можел да дојде и претходната директорка, бидејќи секако тоа е полугодишен извештај од нејзиното работење. Надзорниот одбор дал позитивно мислење на негативен извештаја ЈП е потонато, платите се неисплатени,има  доста обврски спрема добавувачи. Општината помага но треба да се има план за надминување на долгот. И праша дали е вистина дека вчера е стигнат негативен извештај за исправност на водата за пиење со присуство на ешерихија коли во износ од 4, единици и други колиформни бактерии од фекално потекло од чешма од Албанска маала и за истото јавноста не е известена. Пред 4 месеци на седница на Совет на ЈП му се одобрени средства во износ од 200 000 денари за набавка на пумпа за хлорирање на водата, а има сознание дека водата од месноста Извор не се хлорира, а тоа го загрозува здравјето на граѓаните. За пресот кој беше спомнат, таа праша дали им се наплаќа на населените места за вода, ѓубре и јавна чистота.За случајот со огревното дрво рече дека ако тоа се случило е тежок криминал.Пред 5 години спомна дека долгот наЈП беше 2 000 000 денари,ЈП беше ликвидно,  а сега зошто долгот е толку голем.

Градначалникот се јави за реплика. Рече дека се искажани сериозни обвинувања и ако не е 100% сигурна во тоа што го кажува, не треба воопшто да се спомнува и заради остварување на тесно партиски интереси. За обвинувањеата за водата за пиење рече дека не е информиран и истото ќе го провери, а за отсутноста на директорот рече дека не е намерна туку е оправдана поради присуство во комисија која била закажана оред 2-3 месеци.Забележа дека советниците од опозицијата советот го  доживуваат како ринг за одмерување, а треба да се знае дека  сите функции се менливи и минливи.

Јулија Тушевска се јави со контра реплика. Рече дека се согласува со тоа дека   сите функции се менливи и минливи, но  сите треба да си ги работиме совесно.Забележа дека на секоја искажана констатација од страна на советниците од опозицијата  се вели дека тоа е неискрен начин. За обвинувањето за водата за пиење, го замоли градоначалникот да провери дали ЈП има  добиено негативен извештај  и доколку ова тврдење не е вистина таа ќе им се извини на граѓаните.Рече дека  за да се помогне на ЈП намерите им се искрени и би им било мило вработените да земаат навремено плата  и долгот од 26 000 000 да се надмине.

Претседателот на Советот на Општина  Валандово, Владимир Марков зема збор. Рече дека за разлика од времето кога директорот на ЈП Комунален сервис не доаѓаше на седници, сега секогаш се присутни на седница.за искрените намери рече дека треба да се покажат на дело, бидејќи сега тие не го

поддржуваат планот за помагање на претпријатеието, а не даваат никаков предлог.На претходната седница, на Комисијата тие дадоа предлог на ЈП да се дадат повеќе средства, за потоа на седницата на Совет да не се гласа и за тие што беа предложени.Рече дека сега претпоставува дека нема да се гласа и Извештајот, ни двете точки кои следат за покачување на цената на вода и отпадна вода. Како сакаат да остане цената иста , а факт е дека трошоците на ЈП се зголемуваат.Ги праша дали имаат слушнато за некој во ЈП да направил злоупотреба или проневера на средства, трошење на репрезентации, дали јавната чистота не се спроведува, отпадот не се собира и сл. Повтори дека намерите не им се искрени и сакаат само политички да поентираат.

Јулија Тушевска се јави за контра реплика. Рече дека таа била иницијатор за да се дадат повеќе средства на ЈП за да се надмират и заостанатите плати, но кога беше кажано дека не е можно да се одобрат без ребаланс, а тие средства ќе бидат наменети за струја. Затоа тогаш тие гласаа воздржано.

Градоначалникот зема збор. Рече дека причините за состојбата со ЈП комунален сервис е таква од објективни причини. Како пример го спома износот за струја што го плаќаше општината од 4 000 000 денари, се зголеми на 10 000 000 денари.Даде ветување дека во најскоро време ЈП ќе биде ликвидно и платите во целост ќе бидат исплатени.

Валентина Јанева се јави за реплика. Рече дека финансискиот извептај на ЈП е изготвен по законските прописи и тој е реален, со сите приходи и расходи. И сегашниот директор и претходната директорка максимално рационално и домаќински го користат буџетот. Додека за обвинувањата со огревно дрво даде појаснување дека на вработените им се сопирале средства , но договорот со ЈП Македонски шуми не се склучил, па сите средства до денар на вработените им се вратени.

Јулија Тушевска се јави и рече дека за сите прашања на кои не добила одговор, ќе се обрати писмено.

Немаше пријавено за дискусија па Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година беше ставен на гласање и изгласан со 7 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Годишен план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Бидејќи претходниот период имаша обвинувања за бројот на вработени во ЈП Комунален сервис , според планот има предвидено 15 вработувања рече дека сака да го знае бројот на вработени со договор на дело и агенциски.

Претседателот на Советот Владимир Марков даде одговор Рече дека во 2015 година -42 вработени . Сега се 31 со договор за вработување, 4 вработени се преку Агенција за привремени вработувања, а 18 се со договор на дело. Рече дека ЈП Комунален сервис не се користи за партиски вработувања, бројот на вработени е толку колку што треба, зголемувањето се должи на превземањето на ингеренциите во населените места.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Праша дали знае зошто голем дел од вработените ја напуштија работата, тоа е така бидејќи не земаат плата, а партиските вработувања се или со договор на дело или преку Агенција за привремени вработувања.

Претседател на Совет на Општина Валандово Владимир Марков зема збор. Рече дека ако ЈП има 80 вработени тогаш може да зборуваме за пренатрупаност и превработеност Бројот од 50 вработени е оптимален и потребен за ЈП да може да функционира. Вистина е дека едни луѓе си одат, други се вработуваат, но покачувањето на минималната плата е тоа што допринесува да се зголеми ставката за

плата.Директорите на ЈП успеваат да си ги задржи услугите, да нема прекини во водоснабдувањето, јавната чистота да е на високо ниво, површините да се оддржуваат. Клучното е тоа дека има план за поддршка, треба да се поддржат Одлуките на Советот за зголемувањето на цената и одобрувањето на средства за да му се помогне на ЈП.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека постојано се спомнува некој план, но тој план никако да го видиме, и ако бројот на вработени е оптимален, кој е излезот од кризата. Ако се зголеми цената на водата тоа ќе удри по џебот на граѓаните, а дали ќе се зголеми наплатата, кога ќе се зголеми минималната плата, а ќе имаме континуирано зголемување, повторно ЈП ќе има долгови.

Градоначалникот рече дека на секоја седница се покажува планот, но за некои поединци кои не се грижат за интересот на граѓаните,темата е многу значајна Рече дека ЈП ги дава своите услуги на граѓаните и ќе продолжи да ги дава, најефтино од било каде, за најбитните ресурси без кои нема живот. Ги праша советниците од опозицијата кој е нивниот план, да го кажат и истиот ќе се спроведе веднаш. Побара да достават предлог за директор и истиот ќе се назначи веднаш. Повика да се престане со лицемерието и со злоупотребата на човечките судбини за лични интереси и рече дека нема да дозволи да се прави омраза во локалната заедница. дека се прават тензии за теми кои се јавно дискутирани. Повтори дека сите сме свесни за проблемите, за доцнењето на платите и се трудиме да се надмине тоа . Уште еднаш повика да се даде план и истиот ќе се реализира веднаш.

Јулија Тушевска се јави за контра реплика. Рече дека тие имаат план, ќе дојде време кога ќе се решат да го презентираат пред Советот за надминување на состојбата, а сега само сметаат дека има грешка во кадровските решенија со луѓе кои не можат да го надминат проблемот.

Градоначалникот се јави повторно за коната реплика. Рече дека знае дека ако има решение тоа се дава на време, а тоа,, има време,, и ,, кога ќе дојде време,, им одговара само на нив, а не на граѓаните. Рече дека во наредниот период сите средства на Општината ќе бидат пренасочени кон ЈП и вработените ќе ги земат сите заостанати плати и дополнително ќе бидат наградени за истајноста.

Немаше пријавено за дискусија па Годишниот план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 5

По Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 и 2024 година образложение имаше Валентина Јанева.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 и 2024 година повторно образложение имаше Валентина Јанева.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска помош на Луна Поп Костова од Гевгелија за покривање на трошоци за лекување во странство во износ од 50 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлука за финансиска поддршка за реализација на спортско културна манифестација „Јосифовско лето" 2023 година во износ од 120 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог-Одлука за финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет

3х3 во Валандово во износ од 60 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 12 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмски активности на ФК ,,Победа,, Валандово во износ од 80 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 12 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК,,Ударник,,Пирава за котизација за учество во натпреварувачката сезона во износ од 80 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 12 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за реализирани програмски активности на на ЖФК,,Победа 16 ,, Валандово 80 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 12 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог-Одлука за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 12 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков